НА ЧЕКОР ДО U N I K A

-започнува интернационалниот фестивал на аматерскиот документарен филм “КАМЕРА 300”

Со денешните активности, работата на Интернационалното жири во состав: проф. д-р Стефан Сидовски како Претседател и членовите: Зене Глас од Франција, една од потпретседателките на Светската асоцијација на непрофесионалниот филм од Франција, Деметриос Павлидис од Грција, Јован Ристевски, режисер од Битола и Панде Манојлов писател од Битола денес 26.10. и утре 27.10.2011 год. ќе ги прегледаат сите пристигнати и пријавени 55 филма од 14 земји од Европа и Македонија кои ќе конкурираат за вредните признанија на Фестивалот.

Годинава фестивалот се одржува непосредно по завршувањето на големиот фестивал “БРАЌА МАНАКИ” и по повод 100 годишнината од комплетно снимената репортажа од посетата на Султанот Решад В на Битола, а во која чест годинава ќе биде доделена награда-авторска, за најдобра репортажа. Кога сме кај наградите и признанијата жирито ќе ја има и задачата да донесе одлука кои филмови ќе бидат во Званична програма и кои филмови ќе ги понесат наградите: За најдобар филм ГРАН ПРИ, како и златна, сребрена и бронзена “Камера 300” и секако авторските награди: Наградата за најдобра камера која награда ја доделува Градоначалникот и Советот на Општината Битола, потоа наградата за најдобра режија вДраги Савевски”, наградата за најдобра идеја и наградата за најдобра монтажа и секако нововостановената награда за најдобра репортажа.

Треба да се истакне дека големиот интерес за овој фестивал секако покажува дека Фестивалот навистина е на чекор до УНИКА а за кое често се искажани позитивни мислења и не случајно како член на ЖИРИ е доведена госпоѓата Глас која ќе го даде нејзиното мислење и препорака да наредниот јубилеен фестивал вКАМЕРА 300г биде под патронат на оваа светска асоцијација, затоа што овој вид фестивал е единствен од овој вид каде се вреднува документарната категорија на просториите од Балканот и пошироко и секако кога идната година после повеќе од 30 година Фестивалот на УНИКА(кој се одржува секоја година во август и на кој фестивал се претставуваат сите национални сојузи меѓу кои и Македонија) се одржува во Русе-Бугарија со кој клуб и сојуз Фестивалот и Кино клубот имаат восспоставено многу добра соработка.

На фестивалот бројни се пријавени филмови од Англија, Македонија, Бугарија, Италија и други земји и за прв пат филмови од Романија што секако ќе го зголеми рејтингот на Фестивалот кон чекорот да биде во вистинска смисла на зборот Европски-под патронат на УНИКА.

